Врз основа на член 24-а став 18 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), министерката за образование и наука утврди

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта

Член 1

Во Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта со бр.13-10833/1 од 04.08.2025 година, во членот 13 по ставот 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„По исклучок од ставот 6 на овој член, во случај кога учениците и нивните родители/старатели дале писмена согласност за пократко времетраење на екскурзијата поради финансиски или други оправдани причини, бројот на ноќевањата може да биде и помал, но пропорционален со бројот на денови на завршната екскурзија."

Ставовите 7 и 8 стануваат ставови 8 и 9.

Член 2

Во членот 22 по ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:

„По исклучок од ставот 3 алинеја 4 на овој член, доколку бројот на ученици е помал или постои потреба од дополнителен превоз, превозот може да се врши и со автобус предвиден за превоз до 50 лица или со патнички автомобил (8+1), кои ги исполнуваат пропишаните технички барања согласно одредбите од Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Превозот може да се организира и комбинирано (автобус и/или патнички автомобил (8+1)."

Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 6 и 7.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Бр. 13-4247/1

Скопје 13 MAR 2026

Министерка за образование и наука,
Проф. д-р Весна Јаневска